## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЕКСПЕРТ/КА

## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕХАНИЗАМ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА НАЦИОНАЛНИ СТРАТЕГИИ И АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА СПАСУВАЊЕ

### 1.За Сојуз-Национален Совет за Родова Рамноправност

Националниот совет за родова рамноправност (НСРР) е национална мрежа на локални женски организации посветена на родова рамноправност, заштита на женските и човековите права, развој и градење мир. НСРР има мисија да ги промовира правата на жените, да работи на елиминација на сите форми на дискриминација на жените и на изградба на општество со еднакви можности за сите.

### 2. За Проект: „Балкан отпорен на кризи"

Сојуз-Национален совет за родова рамноправност (НСРР) во партнерство со организациите „Центар за развој на граѓански друштва (Протекта)" од Србија и „Центар за човекови права (Импакт)" од Босна и Херцеговина, е финансиран и поддржан од „Центарот за истражување и креирање на политики (ЦРПМ)" во рамки на регионалениот проект „Балкан отпорен на кризи".

Преку следење на финансирањето во кризни ситуации, проектот има за цел да обезбеди ресурсите да се распределуваат на начин кој им дава приоритет на потребите на жените и другите маргинализирани групи да бидат вклучени во процесите на донесување одлуки. Со приоритизирање на потребите на овие групи и обезбедување нивно вклучување во процесите на одлучување, дистрибуцијата на ресурсите ќе биде поправедна, ранливостите ќе бидат ефективно адресирани, а одговорите на кризи ќе бидат поефективни и поинклузивни.

*За таа цел, Сојуз-Национален совет за родова рамноправност објавува*:

***Опис на работни задачи***

- Ќе воспостави механизам за употреба на РОБ алатки за следење на родово одговорно буџетирање во контекст на управување кризи;
- Ќе креира и воспостави јасна, практична рамка која ќе го води спроведувањето на националните стратегии и акциони планови за време на кризи, обезбедувајќи дека сите релевантни чинители (претставници од релевантни државни институции и граѓански организации) се усогласени и информирани;
- Ќе ги идентификува потенцијалните ризици кои можат да влијаат во попречувањето во извршувањето на националните стратегии и акциони планови за време на кризи;

- Ќе воспостави процедури за оценување на ефективноста и влијанието на тековните стратегии.

**4.Цели на анализата:**

Целта на анализата е да се воспостави механизам за следење на национални стратегии и акциони планови за спасување. Ова вклучува развој на насоки, алатки и методологии за интегрирање на родовата перспектива во процесите на буџетирање.

Идентификување на родовите празнини во распределба на ресурсите и плановите за управување со кризи преку давање на препораки на носителите на политики и буџети ќе овозможи да се зголеми родовата рамнотежа преку буџетски мерки.

**5.Времетраење и период на спроведување на активностите:**

За овој ангажман се предвидени **вкупно 10 работни дена**. Активностите треба да се реализираат во период од месец Јули 2025 до Август 2025 година.

Анализата ќе се спроведе на **македонски јазик**.

**6.Квалификации и барања кои треба да ги задоволи експертот/ката:**

Од експертот/ката се очекува да ги исполни следните критериуми:

*Општо професионално искуство:*

- Високо образование
- Минимум 2 години работно искуство

*Специфично професионално искуство:*

- Способност за навремено работење и испорачување на услуги
- Искуство во спроведување на анализи
- Одлично познавање на македонски јазик
- Одлични комуникациски вештини

**7.Пријавување и избор**:

Заинтересираните кандидати/ки можат да се пријават со доставување на следниве документи:

● Писмо за изразување интерес;

● Професионално CV;

● Финансиска понуда, која вклучува надомест по ден во бруто износ изразена во македонски денари, со вклучен персонален данок на доход.

● Пријавите треба да се достават најдоцна **до 06.07.2025 година** на е-пошта sozm@t.mk и pinzovska@yahoo.com со предмет: Апликација за ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕХАНИЗАМ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА НАЦИОНАЛНИ СТРАТЕГИИ И АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА СПАСУВАЊЕ".

✓ Критериуми за избор на експертот/ката се претходното релевантно професионално искуство и финансиската понуда. Кандидатите/ките кои ќе влезат во потесен избор може да бидат повикани на интервју. Апликации со нецелосна документација нема да се разгледуваат.